Машински факултет
Број 02-565/3
30.04.2020 год.
Скопје

Врз основа на член 69 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), во согласност со член 3 став 1 од Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ" број 76/2020) и член 2 став 2 од Правилникот за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и единиците во неговиот состав согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19 (Универзитетски гласник број 489/2020), во врска со заверката на предметите од летниот семестар следени преку средства за електронска комуникација, на предлог од Деканот, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 46-та редовна седница одржана преку видеоконференциска платформа на 30 април 2020 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за начинот на заверка на предметите од семестарот со потписи добиени од предметните наставници по електронски пат

1. Со оваа одлука се уредува начинот на заверка на предметите од семестарот со потписи добиени од предметните наставници по електронски пат, како доказ дека студентот ги извршил обврските пропишани со предметната програма и се стекнал со правото да пристапи на испит по соодветниот предмет.

2. Предметните наставници имаат обврска на сите студенти кои ги извршиле обврските пропишани со соодветната предметна програма да им дадат, односно доделат потпис по електронски пат преку iKnow системот, најдоцна до завршување на наставата во соодветниот семестар.

3. Обврската од точка 2 на оваа одлука за предметните наставници е трајна, а започнува од летниот семестар во учебната 2019/2020 година, кога наставата се спроведува по електронски пат преку средства за електронска комуникација во согласност со мерките, препораките и прописите на надлежните органи за превенција и заштита од коронавирусот.

Крајниот рок за доделување на потписите во iKnow системот за предметите од летниот семестар во учебната 2019/2020 година е 15 јуни 2020 година.

4. Студентот со добиениот потпис по електронски пат се стекнува со правото да пристапи на испит по соодветниот предмет, а правото да пристапи на испит ќе го оствари под услов испитот да го пријавил по електронски пат преку iKnow системот.

5. Предметниот наставник е должен потписот што го дал по електронски пат да го даде и во материјална форма во индексот на студентот, а студентот е должен за испитот што го пријавил по електронски пат да поднесе и пријава за испит во материјална форма.

6. Потписите на предметните наставници и пријавите за испит во материјална форма за времетраењето на мерките за заштита од Covid-19 вирусот ќе се реализираат во првиот момент штом се нормализира состојбата, а во редовни услови во роковите определени со работниот календар.

7. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Одлуката да се достави до: наставниците, студентите, студентска служба, наставно-научен совет и архивата на Факултетот.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев